Врз основа на член 84, став 7 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 71/04 и 107/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ ДОЗВОЛА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОЗВОЛАТА ЗА ОПЕРАТОР НА ДЕПОНИЈА

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на барањето за добивање дозвола, како и формата и содржината на дозволата за вршење на дејност оператор на депонија.

Член 2

(1) Барателот барањето за издавање на дозвола за оператор на депонија го поднесува на образецот од Прилог бр.1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) Барањето од став 1 на овој член се поднесува во три примероци во писмена форма до Министерството за животна средина и просторно планирање (во натамошниот текст: министерството).

(3) Зависно од содржината на поднесеното барање кон образецот се приложуваат и потребните документите согласно член 4 на овој правилник.

(4) Барањето треба да биде потпишано од лицето овластено за застапување и претставување заверено со негов печат.

(5) Барањето се смета за поднесено од датумот кога истото е комплетирано.

Член 3

(1) Кон барањето за добивање на дозвола за оператор на депонија, се приложува следната документација:

- Решение за упис во трговски регистер;
- Потврда за бонитетот на барателот;
- Уверение на Управата за јавни приходи за платени даноци и други јавни давачки пропишани со закон;
- Финансиски извештаи изготвени во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди за последните три години, со извештаи од овластен ревизор за извршена ревизија ако обврската за ревизија е утврдена со закон, а за ново формирано правни субјекти доказ за извори на финансиски средства потребни за вршење на дејноста;
- Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација;
- Потврда дека против барателот со правосилна одлука на надлежен орган не е изречена прекршочна санкција, забрана за вршење на дејност во областа на управувањето со отпадот или забрана за вршење на професија, должност или дејност;
- Потврда за финансиска гаранција или соодветно осигурување, кое би било доволно за покривање на трошоците за управување со отпад и трошоците за елиминирање на штетните ефекти од дозволените дејности без оглед дали настанале за време или по истекот на дозволата;
- Потврда дека правното лице има вработено најмалку три лица со висока стручна подготовка од областа на природните и техничките науки;
- Програма за работа, мониторинг и за контрола како и програма за затворање и за понатамошна грижа по затворањето на депонијата;

- Изјава за веродостојност на барањето, дадените податоци и на документацијата, потпишана од барателот или лицето овластено за застапување и претставување на барателот дадена на образец од Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.
- Потврда за уплатена административна такса.

Член 4

(1) Формата и содржината на дозволата за оператор на депонија е дадена на образец од Прилог бр. 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-5833
9 октомври 2007 година
Скопје

Министер,
**Џелил Бајрами,** с.р.

**Прилог бр. 1**

**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОПЕРАТОР НА ДЕПОНИЈА**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОПЕРАТОР НА ДЕПОНИЈА**

**ОПШТИ УПАТСТВА ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ:**

- **Барањето за издавање на дозвола се пополнува електронски на компјутер, на машина за пишување или со сино пенкало;**
- **Сите глави од Барањето за издавање на дозвола вклучувајќи ги и табелите треба да бидат пополнети од страна на барателот и заедно со потребната документација да се поднесат до Министерството за животна средина и просторно планирање;**
- **Доколку Барањето за издавање на дозвола го пополнувате на компјутер, одговорите впишете ги во сивите полиња и квадрати. (Движењето по полињата се прави со притискање на Tab ⇆ командата од тастатурата или со притискање на курсорот, односно со двоен клик за пополнување на квадратите);**

| Означи за каков вид на депонија се поднесува барањето за добивање на дозвола (√) | | | |
|---|---|---|---|
| **Постоечка** | **Нова** | **Вид на депонија** | **Само за дозвола за работа независно за каква депонија се работи** |

| I. . ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ | |
|---|---|
| **Статус на барателот**<br>Јавно претпријатие<br>Правно лице | |
| **1. Име на Барателот (фирма)** | **1.1 Скратен назив (фирма) на Барателот** |
| | |
| **2. Седиште на Барателот** | |
| **Улица:**<br>**Број:**<br>**Општина:**<br>**Место:** | **Телефон:**<br>**Телефакс:**<br>**Е-пошта (e-mail):** |

| Држава: | |
|---|---|
| 3. Форма на организација на Барателот | |
| | |
| 4. Број на деловниот субјект – Барателот | |
| ☐☐☐☐☐☐☐ | |
| 5. Број на регистарска влошка | |
| ☐☐☐☐☐☐☐☐☐ - ☐ - ☐☐ - ☐☐☐ | |
| 6. Единствен даночен број (ЕДБ) | |
| ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ | |
| 7. Датум на упис/регистрација | |
| | |
| 8. Број на решение на упис/регистрација | |
| | |
| 9. Име на судот/органот кој го извршил уписот | |
| | |
| 10. Претежна дејност (шифра и назив) | |
| | |
| 11. Систем на управување | |
| ☐ Едностепен ☐ Двостепен ☐ Управител(и) | |
| 12. Акт за основање | |
| ☐ Статут (број, датум)______________ ☐ Изјава (број, датум)_______________<br>☐ Договор (број, датум)______________ ☐ Друго (број, датум)_______________ | |
| 13. Лица овластени за застапување, орган на управување и орган на надзор (за странските лица број на пасош или лична карта или друга исправа за утврдување на идентитет - важечка во нивната земја или регистарски број за правното лице). | |
| 13.1 Основни податоци | |
| Презиме: Име:<br>ЕМБГ: ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐<br>Државјанство: | |
| 13.2 Својство | |
| | |
| 13.3 Адреса | |
| Улица:<br>Број:<br>Општина:<br>Место:<br>Држава: | Телефон:<br>Телефакс:<br>Е-пошта (e-mail): |
| **II ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ** | |
| | |

| |
|---|
| **1. Дали ги имате подмирено сите јавни давачки пропишани со закон ?** |
| **ДА ☐ НЕ ☐** |
| **2. Дали е отворена или била отворена постапка за стечај или е отворена постапка за ликвидација?** |
| **ДА ☐ НЕ ☐**<br><br>**Ако кон вашето претпријатие е отворена или била отворена постапка за стечај, наведете ги причините и периодот.** |
| **3. Доколку се вршат повеќе дејности од јавен интерес, дали се водат финансиска евиденција за секоја дејност пооделно ?** |
| **ДА ☐ НЕ ☐** |
| **4. Дали против правното лице или против лицето овластено за застапување и преставување на правното лице е донесена правосилна пресуда на надлежен ораган за прекршок** |
| **ДА ☐ НЕ ☐** |
| **III. ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ (на пр. компактори, булдожери, уреди за мерење на тежината на отпадот, средства за дезинфекција, средства за транспорт)** |
| Вид на опрема и средства |
| **IV. ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИЗАЦИОНАТА И РАКОВОДНАТА СТРУКТУРА** |
| |
| **1. Опис на организационата структура , бројот и квалификациона структура на работниците.** |
| **2. Број и имиња на квилификувани работници. (вработено најмалку три лица со висока стручна подготовка од обласат на природните и техничките науки);** |
| **4. Потврда за обуки на вработените**<br>**а) Листа на курсеви што ги посетувале (сертификатите се поднесуваат во прилог на барањето)** |
| **5. Опис на релевантно искуство во работење со депонија или друг вид на објект за управување со отпад** |
| **V. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ДЕПОНИЈАТА (ДОКОЛКУ СЕ ЗНАЕ ЗА КОЈА ДЕПОНИЈА СЕ РАБОТИ/ ПОСТОЕЧКА)** |
| **1) КАПАЦИТЕТ** |
| **2) КЛАСА НА ДЕПОНИЈА (√)**<br>- Депонии за опасен отпад<br>- Депонии за неопасен отпад<br>- Депонии за инертен отпад |

| |
|---|
| 3) ВИД И КОЛИЧИНА НА ОТПАД ШТО ТРЕБА ДА БИДЕ ОТСТРАНУВАН НА ДЕПОНИЈАТА |
| 4) ПРОГРАМА ЗА РАБОТА, МОНИТОРИНГ И ЗА КОНТРОЛА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДЕПОНИЈАТА (СЕ ПОДНЕСУВААТ ВО ПРИЛОГ НА БАРАЊЕТО) |
| 5) ПРОГРАМИ ЗА ПОСТОЈАНО И СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ВРАБОТЕНИ ВО ДЕПОНИЈАТА (СЕ ПОДНЕСУВААТ ВО ПРИЛОГ НА БАРАЊЕТО) |
| 6) ВО СЛУЧАЈ НА ПОГОЛЕМИ ХАВАРИИ ТРЕБА ДА СЕ ОБЗБЕДАТ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ СО КОИ ЌЕ СЕ ОСИГУРА ПРЕЗЕМАЊЕ НА СИТЕ ПОТРЕБНИ МЕРКИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ, ИЗБЕГНУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЖИВОТОТ И ЗДРАВЈЕТО НА ЛУЃЕТО УТВРДЕНИ СО ВНАТРЕШНИТЕ ПЛАНОВИ ЗА ИТНИ СЛУЧАИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ВО ПРИЛОГ) |
| V. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА |
| |
| 1. Финансиски средства |

| Ред Бр. | Финансиски средства на правното лице (според последниот финансиски извештај) | Ознака на АОП | Денари |
|---|---|---|---|
| 1 | Постојани средства | 002 | |
| 2 | Тековни средства | 026 | |
| 3 | Парични средства и хартии од вредност | 046 | |
| 4 | Капитал и резерви | 050 | |
| 5 | Добивка за финансиската година | 061 | |
| 6 | Долгорочни и краткорочни обврски | 067 | |

| |
|---|
| |
| 2) Потврда за платена финансиска гаранција, кое би било доволно за покривање на трошоците при работењето на депонијата, во фаза на нејзино затварање и грижа после затворање |
| |

| | | |
|---|---|---|
| VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОЗВОЛАТА | | |
| Период на важност | Планиран почеток на давање на услугата | Престанок на дозволата |
| | | |
| ИМЕ, ПРЕЗИМЕ И ПОТПИС НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ | | |
| | | |
| Датум и место: | | |
| М.П | | |

**ПРИЛОГ бр. 2**

## ИЗЈАВА ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ

**1. Јас долу потпишаниот, изјавувам под кривична, материјална, и морална одговорност дека материјалните и финансиските податоци презентирани во прилог на барањето за издавање на дозвола, доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање, а кои се однесуваат на правното лице, се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на барателот.**

| | |
|---|---|
| **Назив на правното лице:** | |
| **Име и презиме на одговорното лице:** | |

| | |
|---|---|
| **Датум:** | **Место:** |
| **М.П** | |

**Потпис на одговорното лице:**

**ПРИЛОГ бр. 3**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за издавање на дозвола за оператор на депонија поднесено од страна на _______ на ден __.__.200_ година донесе Решение бр.___ за издавање на

**Д О З В О Л А**
**за вршење на дејност оператор на депонија**

- Носител на дозволата
- Седиште
- Име и вид на дејноста која се врши врз основа на дозволата
- Датум на издавање на дозволата
- Важење на дозволата до
- ЕМБГ/Даночен број на носителот на дозволата

**М.П** **МИНИСТЕР**